Врз основа на член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), а во врска со член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22) и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот за бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен, односно надзорен одбор на јавните претпријатија (“Службен Весник на Република Северна Македонија” бр.283/2022), Советот на Општина Берово на 32-та седница одржана на 20.07.2023 година донесе:

# **О Д Л У К А**
## за распишување на Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во Управен одбор при ЈПКР “Услуга” Берово

Член 1

Советот на Општина Берово распишува јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во управен одбор при ЈПКР “Услуга” Берово.

Член 2

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнува условите од јавниот повик согласно законските прописи.

Јавниот повик е составен дел на оваа Одлука.

Член 3

За избор на членови во управен одбор, Советот на Општина Берово на предлог на Градоначалникот, формира Комисија за селекција, која ќе ја спроведе постапката за селекција.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Берово”.

Бр.09-2826/1
20.07.2023 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
с.р Марија Буровска